# Е-ИНФО 46

ПАКОМАК
СЕЛЕКТИРАЈ
ИДНИНА

## АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ 2023 ГОДИНА

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO EUROPE

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК“ ЗА ПЕРИОД АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ 2023 ГОДИНА. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.**

**АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ 2023 ГОДИНА**

# 1 ПОВРАТНА ВЕНДИНГ МАШИНА ВО ПРИЛЕП

„Пакомак“ потпиша договор со Ротари клубот од Прилеп за продажба на една вендинг машина, која ќе биде поставена во маркетот „Футура“ во Прилеп. Со поставувањето на повратната вендинг машина се олеснува процесот на селекција на пластични шишиња и лименки од граѓаните во Прилеп, а нуди разни придобивки со собирањето поени за секое селектирано шише или лименка.

Во согласност со потпишаниот договор машината треба да биде испорачана во текот на септември 2023 година. „Пакомак“ дополнително во Прилеп ќе постави уште неколку вендинг машини со цел сите граѓани на Прилеп да имаат можност да ги користат машините и нивните придобивки.



# 2 ЕКОМАСКЕНБАЛ ВО „РАМСТОР МОЛ“

Традиционално, и оваа година на 1 април „Пакомак“ го организираше најзабавниот екомаскенбал во „Рамстор мол“ на кој присуствуваа повеќе од 250 дечиња.

Сите заинтересирани можеа да учествуваат на екомаскенбалот со изработка на едукативна и креативна екомаска изработена од материјали што може да се рециклираат како што се пластика, хартија, најлон и слично.

Следуваа награди за трите најкреативни екомаски.



# 3 ЕДУКАЦИЈА ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ШТИП

Во април „Пакомак“, во соработка со Општина Штип, одржа едукација во основните училишта во општина Штип за селекција и рециклирање амбалажен отпад.

Децата учеа за процесот на селекција и рециклирање на амбалажен отпад, како и зошто е важно да се селектира и кои се придобивките од рециклирањето.

Верувајќи дека со континуирана едукација децата уште од најрана возраст ќе почнат да градат навика за селекција на амбалажен отпад.



# 4 ОБЈАВЕНИ ДОБИТНИЦИТЕ НА ГОДИНАШНИОТ „TRASH FOR ART“

На конкурсот „Trash for Art“ оваа година специјални награди доделија „Нула отпад“ и „Прилепска пиварница“.

„Пакомак“ го затвори „Trash for Art“ со прогласување на победниците од секоја категорија, како и со доделување на наградите за најдобро пласираните дела. Беа прогласени 11 добитници од кои две дела добија специјални награди. Специјалната награда од „Нула отпад“ беше доделена на дело изработено само од електронски отпад, додека „Прилепска пиварница“ додели награда на дело изработено од амбалажа од „Прилепска пиварница“.

Изработените дела беа пример за тоа дека искористената амбалажа може да се користи повторно и место да оди на отпад од неа може да се создаде уметничко дело.

Победнички дела од категоријата градинки:









Победнички дела од категоријата основни училишта:










Победнички дела од категоријата поединци:










Победнички дела од специјалните награди:






# 5 ПОДДРШКА НА НАСТАНОТ „ГЛУМЦИТЕ ПЕАТ“

Во април се одржа настанот „Глумците пеат“ во Националната опера и балет на кој беше присутен „Пакомак“ со поставување канти за селекција на отпад, пакување и емитување едукативни видеа со цел едукација на посетителите и оставање почиста околина по завршување на настанот.



# 6 ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД

На почетокот на мај „Пакомак“, заедно со „Пивара Скопје“ и организацијата „Man & Mountain“, ја реализираа националната екоакција Генералка викенд 2023 година. Екоакцијата се спроведе на 304 локации, во 51 општина и во Националниот парк Шар Планина, учествуваа 15.811 волонтери и секој волонтер, во просек, собра по 16 килограми отпад.



# 7 КАМПАЊА СО ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ ЗА ДОНАЦИЈА ЗА СОС ДЕТСКО СЕЛО

Како надополнување на веќе почнатиот проект за повратни вендинг машини „Пакомак“ ја почна кампањата за донација за СОС детско село.

Преку апликацијата на „Пакомак“ – „Екомак“ за повратните вендинг машини корисниците, покрај досега достапната можност за замена на собраните поени со ваучер од маркетите „Веро“ или „Тикнекс“, отсега имаат можност собраните поени да ги заменат со донација за СОС детското село во износ од 20, 100, 200 или 400 денари.









# 8 ПЛАСТИЧНИ ЧАШИ ЗА ПОВЕЌЕКРАТНА УПОТРЕБА ОД „ПАКОМАК“

„Пакомак“, со уште еден чекор кон поголема заштита на животната средина, обезбеди продукција на пластични чаши за повеќекратна употреба. Чашите ќе бидат со логото на „Пакоамак“, а преку нив ќе може да се преземе мобилната апликација за користење на повратните вендинг машини.

Засега е предвидено чашите да се користат на фестивали, концерти и на други настани каде што се служи точен пијалак, со што посетителите ќе може на целиот настан да користат една чаша и притоа да си ја земат и да ја користат и понатаму.



# 9. ПРОЕКТ СО ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА – „ПАМЕТНИ СЕНЗОРИ“

Во согласност со потпишаниот договор и почнатиот проект со швајцарската амбасада за реализација на паметен систем за управување отпад од пакување испорачани се 600 паметни, сензори заедно со држачи. Поставувањето на паметните сензорите почна прво во Скопје, а потоа и во другите општини во државата.

Секој контејнер на кој е поставен паметен сензор во исто време се обележува со нова налепница.

Предвидено е поставување 20 до 30 паметни сензори на ден, со нивното поставување се олеснува процесот на собирање на отпадот од пакување, односно празнење на контејнерите. Со ваквиот обем на поставени сензори на дневно ниво се предвидува во рок од четири до пет месеци да се заврши комплетно со поставување на 1.600 паметни сензори.



# 10 ПРОЕКТ СО ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА – „ВЕНДИНГ МАШИНИ“

Како дел од проектот со швајцарската амбасада во наредниот период е предвидено да се поставaт повратни вендинг машини во различни градови и објекти во Македонија, каде што граѓаните ќе можат да селектираат пластични шишиња и лименки и да собираат зелени поени.

- Во Скопје ќе се постават 10 нови повратни вендинг машини, во „Стокомак“, „Тинекс“, „Веро“ и во „Рамстор“.
- Во Берово и во Штип ќе се постават две нови повратни вендинг машини, една во маркетот „Дим“ и една во „Стокомак“.
- Во Струмица ќе се постават четири нови повратни вендинг машини, во „Тинекс“, „Глобал“ и на уште две локации.
- Во Прилеп ќе бидат поставени три нови повратни вендинг машини, во маркетите „Футура“ и „Тинекс“.
- Во Битола ќе бидат поставени три нови повратни вендинг машини, во „Веро“ и во „Стокомак“.
- Во Куманово ќе бидат поставени четири нови повратни вендинг машини, во „Стокомак“, „Веро“, „Рамстор“.

# 11 ЕКОМАК – НОВИТЕТ НА АПЛИКАЦИЈАТА

Апликацијата на „Пакомак“, „Екомак“, беше доработена и отсега може да испраќа известување со цел комуникација и информирање на корисниците. Оваа нова функција на апликацијата овозможува соодветен начин за информирање на сите корисници на апликацијата за новости како што се локации на новопоставени повратни вендинг машини, промоции и слично.



# 12 ПОДДРШКА НА НАСТАН ВО ПРИЛЕП

Во Прилеп од 9 до 16 јуни се одржа фестивал на сцените на Народниот театар „Војдан Чернодрински“. „Пакомак“ беше присутен на настанот со своето име, промоција на повратните вендинг машини и на апликацијата преку која граѓаните можат да собираат зелени поени.






# 13 ТЕРЕНСКА ПОСЕТА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА

„Пакомак“, заедно со високи претставници од швајцарската амбасада, беше на теренска посета за увид на реализацијата на проектот. При посетата на претставниците од Берн беше извршена презентација за „Пакомак“ и за напредокот на „Пакомак“. Како дел теренските посети беа организирани посети во маркетите „Веро“, на Општина Сопиште, како и дискусија со „Пивара Скопје“ и со „Прилепска пиварница“.

Во „Веро“, покрај презентација на повратната вендинг машина, беше дискутирано за задоволството на „Веро“ од соработката со „Пакомак“, во Општина Сопиште беше презентиран проектот за контејнерите како игло со паметни сензори, како и самата важност и потреба од паметните сензори и од камионите за сервисирање на контејнерите како игло. Дискусијата со деловната заедница беше одржана со „Пивара Скопје“ и со „Прилепска пиварница“, беше дискутирано за придобивките за деловната заедница од „Пакоамк“, како и самиот проект со швајцарската амбасада.

# 14 ПОЧНА КАМПАЊА ЗА „GREEN DOT“

„Green dot“ е една од најпрепознатливите ознаки во светски рамки што информира за тоа дека производителот на производот го финансира системот за управување отпад од пакување, кој се создава по искористување на производот. „Пакомак“ со клиентите што имаат договор за користење на ознаката „Green dot“ почна кампања за промоција и едукација за значењето на „Green dot“.



# 15 „ПАКОМАК“ СО УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ПОВИК ОД ОПШТИНА СТРУМИЦА

„Пакомак“ зеде учество на јавен повик од Општина Струмица и е избран како најповолен понудувач за три повратни вендинг машини. Повратните вендинг машини ќе се постават во трговскиот центар „Глобал“ и во неколку маркети.

Граѓаните на Струмица при селекција на пластични шишиња и лименки ќе добиваат зелени поени на апликацијата „Екомак“, а секој зелен поен има вредност од 0,5 денари.

# 16 „ПАКОМАК“ НА „Д-ФЕСТИВАЛ“ ВО ДОЈРАН

„Пакомак“ и оваа година беше дел од „Д-фестивал“ во Дојран, од 30 јуни до 2 јули. На фестивалот „Пакомак“ беше присутен со промотим, кој ги едуцираше посетителите, повратна вендинг машина и со пулт во кампот, како и со рекламно знаме со канти за селекција на пластична амбалажа и лименки кај бината. За време на фестивалот имаше акција со која сите посетители што ќе селектираат 10 пластични шишиња или лименки во повратната вендинг машина, а кои ја имаат преземено мобилната апликација „Екомак“, добиваа 10 зелени поени, а им следуваше и гратис точено пиво „скопско смут“. Посетителите беа запознаени како може да добијат гратис пиво преку социјалните медиуми, постери и лепенки залепени низ кампот со QR кодот за полесно преземање на апликацијата и, секако, преку промотимот, кој им го објаснуваше механизмот за време на целиот фестивал.








ПАКОМАК
СЕЛЕКТИРАЈ
ИДНИНА